Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2026 година („Службен гласник на Општина Битола" бр. 19/25 од 31.12.2025 и Локалната стратегија за млади на Општина Битола за 2023 – 2027 год. („ Службен гласник на Општина Битола" бр.5/23), Општина Битола објавува

ЈАВЕН ПОВИК
за доделување на финансиски средства од буџетот на општина Битола за поддршка на проекти за млади за 2026 година

1. **<u>Предмет на јавниот повик</u>**

1.1 Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства на младински организации и организации за млади за спроведување на проекти и активности за младите од Општина Битола за 2026 година.
1.2 Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Битола согласно Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2025 година во висина од 550.000,00 денари (петстотини и педесет илјади) се врши преку грантови за проекти за млади.

**<u>2.Критериуми за аплицирање</u>**

2.1 Основни организациски критериуми кои што треба да ги исполнуваат Младинските организации и Организациите за млади се:

- Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на РСМ" бр.239/22) и
- Да имаат седиште во Општина Битола.
- Да имаат Решение за упис во регистарот на младински организации и организации за млади

2.2 Согласно 6.1 од Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2026 година („Службен гласник на Општина Битола" 19/25 од 31.12.2025) и согласно Локалната стратегија за млади на Општина Битола за 2023 – 2027 год. („ Службен гласник на Општина Битола" бр.5/23) се доделуваат финансиски средства од буџетот на општина Битола за поддршка на проекти за млади за 2026 година, во следниве области:

Област 1 – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО
Стратешка цел 1.1: Локалниот младински совет успешно ги застапува потребите на младите пред Советот на општината, локалните институции и останатите чинители
Стратешка цел 1.2: Обезбедена континуирана финансиска поддршка од Општината за поттикнување на младинското учество
Стратешка цел 1.3: Воспоставување на функционален инклузивен систем за креирање и имплементирање на активности за вклучување на младите

Област 2 – МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ
Стратешка цел 2.1: Развиени и функционални дигитални алатки за младинско информирање

Стратешка цел 2.2: Развиено и функционално младинско радио со збогатена понуда на содржини за младите
Стратешка цел 2.3: Зајакнато младинско информирање преку социјални медиуми

Област 3 – МЛАДИНСКА РАБОТА
Стратешка цел 3.1: Младинската работа е промовирана како алатка за личен и социјален развој на младите
Стратешка цел 3.2: Обезбедени услови за испорака квалитетна младинска работа
Стратешка цел 3.3: Локалните младински организации имаат капацитети да поддржат и спроведат програми за зајакнување на младински работници на локално ниво

Област 4 – ОБРАЗОВАНИЕ
Стратешка цел 4.1: Подобрен квалитетот при реализацијата на практичната настава
Стратешка цел 4.2:  Поддршка за стекнување животни вештини на младите над 18 годишна возраст
Стратешка цел 4.3: Зајакната промоција на неформалното образование

Област 5 – КУЛТУРА И СПОРТ
Стратешка цел 5.1: Објектите за спортски и културни активности се подостапни за младите
Стратешка цел 5.2**:** Зголемено учество на младите во спортски и културни содржини
Стратешка цел 5.3: Иницирање на младински културни содржини и спортски активности според нивни потреби

Област 6 – ЗДРАВЈЕ
Стратешка цел 6.1: Континуирано едуцирање за здрав живот и здрав животен стил
Стратешка цел 6.2: Зголемен интерес на младите кон природата и природните убавини
Стратешка цел 6.3: Подобрување на менталното здравје кај младите

Област 7 – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ
Стратешка цел 7.1: Подобрена вработливост на младите луѓе во општината
Стратешка цел 7.2: Зајакнати вештини кај младите за самовработување
Стратешка цел 7.3: Зајакнати технолошки и јазични вештини на младите согласно барањата на пазарот

Област 8 – БЕЗБЕДНОСТ
Стратешка цел 8.1: Намалување на меѓуврсничкото насилство
Стратешка цел 8.2: Подобрена информираност кај младите за санкциите од насилничко однесување
Стратешка цел 8.3: Намалување на асоцијалното однесување на младите

2.3. Младинските организации и Организациите за млади имаат право да поднесат една или повеќе апликации за финансиска поддршка, од кои само една може да биде одобрена по одлука на Комисијата .

2.4. Повеќе Младински организации и Организации за млади може да аплицираат заеднички со еден предлог проект.

**3.Потребна документација за пријавување**

Заинтересираните Младински организации и Организации за млади потребно е да ја достават следната документација:

1.Предлог проект:
- Стратешка област
- Опис на проектот
- Резултати и индикатори
- Временска рамка
- Финанасиски план

2.Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар

3.Копија од Решение за упис во регистарот на младински организации и организации за млади

4.Годишен извештај од претходната година (наративен и финансиски)

**4. Рок и начин на доставување на пријавите**

4.1 Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Битола.

4.2 Јавниот повик ќе трае 10 (десет) работни дена, сметано од денот на објавувањето заклучно со **11 мај 2026.**

4.3 Потребната документација, апликантите ја поднесуваат во затворен плик преку шалтерите на Општина Битола, со назнака: ЈАВЕН ПОВИК за доделување на финансиски средства од буџетот на општина Битола за поддршка на проекти за млади за 2026 година".

4.4 Потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, со печат и потпис од одговорното лице на апликантот.

**5. Начин на спроведување на јавниот повик**

Поднесените барања од Јавниот повик ги евалуира Комисија за поединечна евалуација на поднесени барање за финансиска поддршка согласно Програмата за активности во областа на спорт и млади за 2026 формирана од Градоначалникот. Извршените евалуации Комисијата ги доставува за одобрување согласно определената надлежност за доделување на финансиски средства.

Бр.08- 573/1
27.04.2026 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски